**20230500995**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9, став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 март 2023 година донесе

## УРЕДБА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОДАТОК НА ПЛАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа на вработените во буџетските корисници од централната власт.

Член 2

Додатокот на плата од членот 1 од оваа уредба, вработените во буџетските корисници од централната власт, може да го остварат заради дополнителниот придонес во извршување на специфични работи и работни задачи, зголемениот обем и сложеност на работа, како и вреднувањето на нивната успешност, компетенциите, унапредувањето на организацијата и стандардизираните процедури на работа, градењето на организациските капацитети, ефикасното извршување на надлежностите и квалитетна услуга во интерес на граѓаните и правните лица, а со тоа и надминување на очекувањата на раководното лице на буџетскиот корисник и/или непосредно претпоставениот административен службеник во исполнувањето и остварувањето на стратешките планови и програми на буџетските корисници од централната власт (во натамошниот текст: буџетски корисници).

Член 3

Вработените во буџетските корисници на централната власт го остваруваат правото на додаток на плата во висина до 30% од износот на основната плата, само доколку во Буџетот на буџетскиот корисник, во делот наменет за плати, има обезбедено средства за оваа намена.

Обезбедените средства за оваа намена подразбираат дека месечното барање за исплата на плата не е поголемо од месечното право на трошење, утврдено без планираните средства за нови вработувања и унапредувања.

Член 4

Висината на додатокот на плата изразен во проценти од основната плата на вработените кај буџетските корисници во зависност од критериумите изнесува:

- за специфичност на работите и работните задачи - 15%
-за зголемен обем на работа - 15%.

Висината на додатокот на плата може да се утврдува и кумулативно врз основа на критериумите од став 1 на овој член, при што  вкупниот додаток на плата може да изнесува до 30% од износот на основната плата.

По исклучок од став 1 на овој член, висината на додатокот на плата во зависност од обезбедените средства во буџетскиот корисник може да изнесува помалку од висината на додатокот на плата утврден во став 1 на овој член.

Додатокот на плата не се исплаќа на вработените во буџетскиот корисник од централната власт на кои им е утврдено право на додаток на плата со посебен закон и/или колективен договор, освен додатоците на плата за ноќна работа, работа во смени, работа за време на неделен одмор, работа за време на празници утврдени со закон и работа подолго од полното работно време.

Член 5

Специфичност на работите и работните задачи од член 4 став 1 алинеја 1 од оваа уредба, опфаќа:

1) извршување на посеопфатни работи и работни задачи во однос на работите и задачите кои вообичаено се извршуваат;

2) постојана достапност на вработениот на раководното лице на буџетскиот корисник или на непосредно претпоставениот раководен административен службеник;

3) извршување на работни задачи во скратени рокови и постоење на потреба од  итно постапување;

4) извршување на работи и работни задачи поврзани со класифицирани информации;

5) подготовка на стратешки документи, анализи и извештаи од сложен карактер од надлежност на буџетскиот корисник, поврзани со спроведувањето на владините политики и

6) извршување на работи и работни задачи поврзани со процесите за дигитализација, односно развој на ИКТ општество.

Член 6

Зголемен обем на работа од член 4 став 1 алинеја 2 од оваа уредба, опфаќа:

1) значително зголемен обем на работни задачи поради недоволен број на вработени и одлив на кадар во организационата единица:

2) извршување на работи и работни задачи на отсутен работник во текот на подолг временски период, а при тоа нема вработено лице за негова замена на определено време;

3) извршување на дополнителни работи и работни задачи врз основа на  задолжение во писмена форма, решение или овластување, а кои не се во описот на работното место;

4) учество во работни групи, комисии, комитети или тела за кои со општ или посебен пропис/акт не е определен надоместок за учество во работата на истите;

5) извршување на работни задачи кои произлегуваат од проектни активности во организационата единица и

6) учество во работни групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 7

Предлог за остварување на правото на додаток на плата од членот 1 од оваа уредба може да поднесе непосредно претпоставениот административен службеник,  раководниот административен службеник, секретарот и  раководното лице на буџетскиот корисник.

Предлогот од ставот 1 на овој член се поднесува до секретарот, односно до раководното лице на буџетскиот корисник, најдоцна до 25-ти во месецот за тековниот месец.

Предлогот од ставот 1 на овој член се поднесува на пропишан образец, кој е даден во прилог и е составен дел на оваа уредба.

Член 8

Раководното лице на буџетскиот корисник одлучува по предлогот од членот 7 став 1 од оваа уредба, при што додатокот на плата се утврдува за најмногу 30% од вработените во буџетскиот корисник, без избраните, именувани и назначени лица.

Раководното лице на буџетскиот корисник, одлучува по предлогот од членот 7 став 1 од оваа уредба, со решение со кое се утврдува висината на износот на додатокот на плата изразен во проценти, поединечно по вработен во буџетскиот корисник или донесува решение со кое се отфрла предлогот за остварување на правото на додаток на плата.

Член 9

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 март 2023 година.

Бр. 41-2550/3
7 март 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

Врз основа на член 7 став (1) од Уредбата за утврдување на буџетски корисници од централната власт, поблиски критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на право на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.../23), во својство на непосредно претпоставен административен службеник/раководен административен службеник/секретар/ раководно лице на институцијата, поднесувам/

ПРЕДЛОГ

ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗА

МЕСЕЦ_____________ 2023 ГОДИНА/

за вработениот ___________________, распореден на работно место во Сектор ________________________________, одделение_____________________________, со звање__________________________________________.

Додатокот на плата за вработениот и висината на истиот се предлага по основ на следните критериуми:

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

Образложение на Предлогот:

Овој предлог го поднесувам до секретарот/раководното лице на институцијата

_________________________________________________________________

ПОДНОСИТЕЛ НА ПРЕДЛОГ

________________________

/име, презиме и потпис/